# ДОКТОРСКИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ
(4 години, 240 ЕКТС)

| | Листа на студиски програми |
|---|---|
| Факултет за постдипломски студии | Физика |
| | Наука за животната средина |
| | Материјали |
| | Наука за карстот |
| | Молекуларна генетика и биотехнологија |
| | Културно наследство[1,2] |
| | Хуманистика |
| | Когнитивна наука за јазикот |

1. Можност за двојна диплома од престижниот Универзитет IUAV во Венеција, Италија.
2. Едногодишна програма за усовршување Економија и техники на зачувување на архитектонското и еколошкото наследство во обем од 60 ЕКТС, кои се исто така достапни.

## Нашите предности

- Интердисциплинарни и практично ориентирани студиски програми
- Индивидуален пристап, мали студентски групи
- Вклучување во истражувања и проекти
- Бесплатен курс по словенечки јазик
- Прилагоден начин на студии за спортисти
- Субвенции за прехрана и превоз, можности за работа како студент


UNIVERZA V NOVI GORICI
Vipavska cesta 13
Rožna Dolina
SI-5000 Nova Gorica, Slovenija
www.ung.si

СЛУЖБА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ:
studentska.pisarna@ung.si
Контакт тел.: +386 5 33 15 234,
+386 5 90 99 717






**Назив:** Универзитет во Нова Горица ▪ **Уредник:** Veronika Piccinini ▪ **Јазик:** македонски ▪ **Превод:** Мартин Митев ▪ **Фото:** Arnela Karat ▪ **Издавач:** Univerza v Novi Gorici, Vipavska cesta 13, Rožna Dolina, Nova Gorica. ▪ **Подготовка и печатење:** A-media, d. o. o., Nova Gorica ▪ Бесплатна публикација ▪ **Објавено:** октомври 2024.


македонски



# Универзитет во Нова Горица

## Развијте ги своите таленти – започнете ја вашата потрага по знаење кај нас.

Универзитетот во Нова Горица е млад и динамичен универзитет во западна Словенија, на словенечко-италијанската граница, кој ви нуди одличен избор за студии во различни области – природни науки, инженерство, менаџмент, биотехнологија, хуманистички науки и уметност.

Преку овие студиски програми ќе ви овозможиме да ги развиете своите таленти во стимулирачка, меѓународно ориентирана академска околина, каде што нудиме одлични можности за истражување и поддршка на студентите кои доаѓаат од различни земји ширум светот.

## ДОДИПЛОМСКИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

(3 години, 180 ЕКТС)

| Факултет/Академија | Листа на студиски програми | Дали сте заинтересирани за ... |
|---|---|---|
| **Факултет за инженерство и менаџмент** | **Иженерство и менаџмент*** | - инженерство, менаџмент, економија, технологија, информатика<br>- соработка со индустријата, пракса, е-учење |
| **Факултет за природни науки** | **Физика и астрофизика*** | - физика, астрофизика, астрономија, физика на цврста состојба, атмосферски истражувања и наука за материјали<br>- студии засновани на истражување<br>- соработка со признати астрофизички опсерватории ширум светот |
| **Факултет за науки за животна средина** | **Животна средина*** | - заштита на животна средина, проценка на влијание врз животна средина, влијание на животна средина врз здравјето на луѓето, закон за животна средина<br>- истражување, теренска работа, проекти и тимска работа, пракса |
| **Факултет за лозарство и винарство** | **Лозарство и винарство*** | - лозарство, енологија и маркетинг на вино<br>- практично ориентирани студии<br>- меѓународни размени за студии и пракса во винородни држави во светот |
| **Академија за уметности** | **Дигитални уметности и практики*** | - интердисциплинарна и интермедијална работа<br>- кретивни проекти, меѓународни размени<br>Насоки: Анимации, Видео филм, Фотографија, Нови медиуми |
| **Факултет за хуманистика** | **Културна историја*** | - културна историја, политичка историја, историја на идеи и идеологија<br>- меѓународни студентски проекти, пракса во Словенија или во странство |
| | **Јазик и литература во дигиталниот свет*** | - насока Литература и култура<br>- насока Словенистика<br>- насока Словенечки јазик и јазични податоци |

## МАГИСТЕРСКИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

(2 години, 120 ЕКТС)

| Факултет/Академија | Листа на студиски програми | Дали сте заинтересирани за ... |
|---|---|---|
| **Факултет за инженерство и менаџмент** | **Иженерство и менаџмент*** | - надградување на знаењето за инженерство, технологија, менаџмент, економија и информатика<br>- интердисциплинарни студии фокусирани на решавање на проблеми |
| | **Лидерство во отворено образование** | - зајакнување на лидерите во отворено образование со интердисциплинарно знаење потребно за дизајнирање, имплементација и управување со отворено образование<br>- студиската програма се одвива делумно преку интернет со меѓународен тим на експерти |
| **Факултет за природни науки** | **Физика и астрофизика** | - стекнување на длабоко знаење за астрофизика и физика на цврста состојба<br>- истражувачка работа, работа во меѓународно опкружување, учество во меѓународни соработки<br>Модули: Астрофизика, Физика на цврста состојба |
| | **Наука за материјали** | - интердисциплинарна и истражувачко ориентирана програма<br>- програма дизајнирана во соработка со Националниот институт за хемија и Институтот Јожеф Стефан<br>- области од физика и хемија на материјали, карактеризација на материјали, технологија на материјали, развој на иновативни производи и услуги, вклучително и заштита на интелектуална сопственост |
| **Факултет за науки за животна средина** | **Животна средина** | - надоградување на знаењето за заштита на животна средина, влијанието на животна средина врз здравјето на луѓето, еколошко право<br>- истражување, теренска работа, проекти и тимска работа, пракса |
| **Факултет за лозарство и винарство** | **Лозарство и винарство** | - интердисциплинарно ориентирана студиска програма<br>- надградување на знаењето за управување и нови и напредни принципи во лозарството и енологијата, што би било еколошки и кои се потребни за решавање на тековните стручни, практични, како и научни теми во лозјето и винарската визба |
| **Академија за уметности** | **Медиумски уметности и практики** | - насоки: Анимации, Видео филм, Фотографија, Нови медиуми, Сценографски простори, Современи уметнички практики<br>- меѓународни студии во стимулирачко опкружување |
| **Факултет за хуманистика** | **Хуманистички студии*** | - насока Истории и култури на прекугранични простори<br>- насока Наука за книжевноста<br>- насока Лингвистика: можност за двојна диплома со Универзитетот Ca' Foscari во Венеција, Италија |
| | **Миграции и меѓукултурни односи** (европска магистерска – Еразмус Мундус студиска програма) | - студии за миграција, историја, политички науки, друштвени науки, антропологија, едукација<br>- заеднички програми кои ги водат партнерските универзитети во Европа, Африка и Азија<br>- студиски план: 1. семестар на Универзитетот во Олденбург, Германија, 2. семестар на Универзитетот во Ставангеру, Норвешка, 3. и 4. семестар на било кој партнерски универзитет по ваш избор.<br>- можност за стипендирање<br>Повеќе информации на: www.emmir.org |

**Бесплатни студии (без школарина)** за граѓаните на земјите-членки на ЕУ, Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, за редовни студии на додипломските и магистерските студиски програми обележани со *. За повеќе информации за други исклучоци, проверете **www.ung.si.**